РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 27.11.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Један. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 4940/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе;
3. **Период опфатен со надзорот:** 4 ноември 2024 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 27 ноември 2024 година;
5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
- **Член 50-а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на личните податоци на малолетните лица)
- **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/14) и **Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/24);
- **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
- **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи – пречистен текст** (Бр. 01-2970/1 од 05.07.2024 година);
- **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/15) и **Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за спонзорство** („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.219/24);
- **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);
- **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
- **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14);

- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа)

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе, емитуван на 4 ноември 2024 година, на локално ниво, **констатирано е прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 20 и 21** (*начин на апликирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација*) **од Правилникот за заштита на малолетните лица.**

Пред емитувањето на документарните и играните филмови наведени во табелата подолу, погрешно беше применета предупредувачката сигнализација за програми од втора категорија - недостигаа: бројката „8“; знакот „+“; и испишаниот и прочитаниот текст на предупредувањето.

**4 ноември 2024 г.**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| „Македонската преродба“ – документарен филм; | 01:43:08 | 02:20:52 |
| „Девојката во паркот“ – игран филм; | 04:03:36 | 05:46:28 |
| „Македонската преродба“ – документарен филм; | 08:40:03 | 09:19:44 |
| „Никола Петров Русински“ – документарен филм; | 11:02:11 | 11:53:29 |
| „Не плачи сега“ – игран филм; | 14:06:01 | 15:30:41 |
| „Pax Romana“ – документарен филм; | 16:06:01 | 16:48:48 |
| „Влијанието на ослободителното движење за развитокот на македонската нација“ – документарен филм | 21:11:46 | 21:53:39 |
| **Опис на прекршувањето:**<br><br>Пред емитувањето на наведените документарни и играни филмови погрешно беше применета предупредувачката сигнализација за програми од втора категорија - недостигаа: бројката „8“; знакот „+“; и испишаниот и прочитаниот текст на предупредувањето. | | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица**, на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе, од 4 ноември 2024 година, пред емитувањето одредени документарни и играни филмови, погрешно беше применета предупредувачката сигнализација за програма од втората категорија. Од целината на пропишаниот изглед на предупредувачката сигнализација недостигаа: - бројката „**8“;** - знакот „**+**“; и - испишаниот и прочитаниот текст на предупредувањето.

**9. Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***